# Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

МАРТ 2016 • БРОЈ 27



www.gazibaba.gov.mk

БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА
**0800-42222**
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

БРОЈ ЗА СМС КОМУНИКАЦИЈА
**070/254-772**
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

# Пуштена во употреба нова спортска сала







Во населбата Ченто до основното училиште „Крсте Мисирков", пуштена е во употреба нова спортска сала, која е и втора во општина Гази Баба.

На отворањето присуствуваа градоначалникот Тони Трајковски, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, вицепремиерот Владимир Пешевски, министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски, зам. министерот за земјоделие Ванчо Костадиновски, градоначалникот на град на Скопје, Коце Трајановски, Директорот на Агенцијата за Млади и Спорт, Марјан Спасески, директорите на јавните градски претпријатија, преседателот и членови на Советот на општина Гази Баба и голем број на граѓани.

Присутните ги поздрави градоначалникот Тони Трајковски, кој рече дека спортската сала е дел од барањата на граѓаните од населбата Ченто, кое доби приоритет во програмата на Агенцијата за млади и спорт. Свое обраќање имаа и директорот на Агенцијата за млади и спорт, Марјан Спасески, кој потенцираше дека новата спортска сала е 34-та изградена по ред, а е 220-тиот спортски објект реализиран од Агенцијата и вицепремиерот Владимир Пешевски, кој истакна дека Владата ќе продолжи да инвестира во спортот, од кој бенефит имаат сите граѓани.

Градоначалникот Тони Трајковски додаде дека нашата општина е најспортска општина, каде многу се вложува во развојот на спортот и во изградба на спортски објекти.





# Средба со граѓани од Автокоманда



Градоначалникот Тони Трајковски, градоначалникот Коце Трајановски, членови на Советот на општина Гази Баба и претставници од општинската администрација и Јавните претпријатија, имаа работна средба со жителите од УЗ Автокоманда, на која се промовираше новиот паркинг простор кој се наоѓа помеѓу улиците „Лазар Поп Трајков" и „Бапчор", кај амбулантата во н. Автокоманда.

Новиот паркинг простор е со површина од 1375 $m^2$ и паркинг места за околу 40 возила.

Вредноста на овој проект е 3.830.000,00 денари.

Заедно со жителите од Автокоманда беше посетено и спортското игралиште каде се поставува вештачка трева, чија изградба е во тек.

Игралиштето е со димензии 20x40 м, а вредноста на Договорот е 2.125.000,00 денари.



# *Посета на Стајковци, Сингелиќ и Инџиково*

Градоначалникот Тони Трајковски, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски, зам. министерот за земјоделие Ванчо Костадиновски, градоначалникот на град на Скопје, Коце Трајановски, директорите на јавните градски претпријатија, претседателот и членови на Советот на општина Гази Баба и голем број на граѓани присуствуваа на неколку настани и воедно имаа средби со граѓаните.

Во н.м Стајковци присуствуваа на пуштањето во употреба на улицата „Антон Велковски" во должина од 1 km каде е поставена пешачка патека со павер елементи и атмосферска канализација.





Работната обиколка ја продолжија во н.м Сингелиќ каде е во тек изградба на улицата „Алија Авдовиќ" во должина од околу 2 km.

Во населбата Инџиково присуствуваа на отпочнување со изградба на улица „10" која ќе биде во должина од околу 1 km.

Овие проекти се по програмата на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и вкупната инвестиција е 32.500.000,00 денари.

На средбата со граѓаните присутните ги слушаа потребите и приоритетите на жителите на овие населени места кои понатаму ќе се вградат во Програмите за работа на институциите.

# Нова пристапна улица во Ченто



За потребите на новата спортска сала, во близина на ОУ „Крсте Мисирков“ во населбата Ченто, општина Гази Баба изгради нова пристапна улица која води до салата, со должина од 60 м и ширина од 5 м. Долж улицата е изградена и нова пешачка патека од павер елементи со вкупна површина од 240 $м^2$, а ќе се изгради и паркинг простор, со капацитет за 15 возила.

Општина Гази Баба во склоп на улицата направи и комплетна подземна инфраструктура – атмосферска, водоводна и фекална канализација, како и нова ограда во должина од 70 м која е дел од оградата на ООУ „Крсте Мисирков“

Вкупната инвестиција за овие активности изнесува 3.700.000,00 денари.





## Фекална и атмосферска канализација на улица Товарник

Во н. Ченто се изгради првата фаза на фекална и атмосферска канализација за улица Товарник во Камник.

Во оваа фаза се изведе фекална канализација со Ф250 мм и атмосферска канализација Ф300 мм во должина од 265 м.

За оваа цел општина Гази Баба од својот буџет издвои средства во висина од 2.327.738,00 ден.

## Реконструкција и изградба на пешачки патеки

Во н. Ченто во паркот Борис Трајковски, направена е реконструкција на пешачки патеки со вкупна површина од 66 $м^2$, а изградени се нови пешачки патеки со вкупна површина од 86 $м^2$.

Вкупната инвестиција, која општина Гази Баба ја издвои за овие активности, изнесува околу 300.000,00 денари.







# Пешачки патеки во Автокоманда





Во н. Автокоманда се направија пешачки патеки околу згради на улица „Трифун Хаџи Јанев“, со павер елементи, со вкупна површина од 89 $м^2$.

За оваа активност општината потроши околу 175.000,00 ден.



## Реконструкција на плоштадот во Хиподром

Во н. Хиподром на 80 $м^2$ се направи реконструкција на плоштадот, хортикултурно се уреди и се поставија клупи и корпи за отпадоци.

Вредноста на работите изнесуваат 330.370,00 денари.

## Пешачка патека во Керамидница

Во н. Керамидница кај ЖАС, општината изгради пешачка патека со вкупна површина од 180 $м^2$.

За оваа активност беа потрошени 289.000,00 денари, средства од буџетот на општината.



# Тротоари во Вардариште

Во н. Вардариште општина Гази Баба направи тротоари долж главната улица, со вкупна површина од 228 м². Вредноста на извршените работи изнесува 384.788,00 денари.



# Реконструкција на плато пред културен дом во Булачани

Пред културниот дом во Булачани, општина Гази Баба направи реконструкција на платото со павер елементи.



# *Тротоар на ул. Палмиро Тољати*



Во н. Ченто на улицата „Палмиро Тољати“, општината направи тротоар со вкупна површина од 150 м². За оваа активност беа потрошени 477.000,00 денари од буџетот на општината.

# *Работна средба со пензионерите од Гази Баба*

Градоначалникот Тони Трајковски и градоначалникот Коце Трајановски имаа средба со пензионерите од општината.

На средбата се разговараше за потребите и барањата на луѓето од третото доба, кои градоначалниците ги слушнаа и ветија дека ќе се погрижат за нивно реализирање. Постарите лица најмногу бараа да им се овозможи простор за дружење во сите населени места, кои ќе бидат добро уредени.





# Посета на УЗ Триангла и МЗ Јурумлери

Во УЗ Триангла и МЗ Јурумлери градоначалникот Тони Трајковски, градоначалникот Коце Трајановски, членови на Советот на општина Гази Баба и претставници од Јавните претпријатија имаа средба со граѓаните со кои разговараа околу тековните активности и нивните приоритети.

На средбата во УЗ Триангла граѓаните побараа изградба на паркинг простор, кој е ставен во програмата на општината и ќе се изгради оваа година.

Исто така, градоначалниците ја најавија втората фаза за изградба на атмосферската канализација во Триангла, во должина од 1200 м.





Во МЗ Јурумлери граѓаните најповеќе се интересираа за изградбата на фекалната канализација и клучката, која треба да ја гради Агенцијата за државни патишта.

Градоначалникот Тони Трајковски кажа дека се заврши изградбата на делница на фекалната канализација од влезот на Јурумлери до реката Вардар, во должина од 615 м, чија вредност изнесува 4,5 милиони денари, издвоени од буџетот на општина Гази Баба. Следна фаза е изградба на делници низ населеното место, кои ќе се градат во текот на оваа година.

# *Решенија за легализација*





Во општина Гази Баба има поднесено околу 16.000 барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на физички и правни лица, од кои 6200 се решени.

Воведени се повеќе технички мерки за подобрување на динамиката на решавање на предметите, преку тимовите формирани да постапуваат по барањата за легализација, кои се составени од вработени во општината.

Важноста од навремено добивање на информации за легализација на дивоградбите е многу важна, бидејќи истите се третираат како кривично дело и секоја информација за постапката за регуларно и целосно спроведување на процесот на легализација може да се добијат кај вработените во општината.

# Работна средба со директорот на АрцелорМиттал



Градоначалникот Тони Трајковски имаше работна средба со генералниот директор на компанијата АрцелорМиттал, Волфганг Марингер, кој на оваа функција е од неодамна.

На средбата се разговараше за досегашната успешна соработка на повеќе полиња помеѓу општината и компанијата и проекти кои во иднина би можеле заеднички да ги реализираат.

Инаку компанијата АрцелорМиттал во континуитет учествува во повеќе проекти кои општината ги реализира со градинките и основните училишта, а новиот генерален директор изрази подготвеност таа соработка да ја продолжи.

## *Работна средба со Амбасадорот Стојан Карајанов*



Градоначалникот Тони Трајковски оствари работна средба со Амбасадорот на Република Македонија во Рпублика Албанија, Стојан Карајанов.

На средбата се разговараше за потенцијалите на општина Гази Баба и можности за инвестирање од страна на компаниите од Република Албанија.

Исто така, градоначалникот и Амбасадорот разговараа за можна соработка и збратимување со општина од Република Албанија, соработка на компаниите сместени на нејзина територија со компании од соседната земја и можноста да се користат пристаништата од страна на бизнис заедницата.



## *Амбасадорот на Република Словенија во посета на Гази Баба*

Градоначалникот Тони Трајковски го прими во работна посета амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија, Н.Е. Бранко Раковец и воедно го запозна гостинот со профилот на општината, со индустриските капацитети сместени на наша територија, културното наследство и развојните можности на општината.

Амбасадорот рече дека општина Гази Баба има голем потенцијал и места за развој и станува се поинтересна за инвестирање во неа.

На крајот на средбата, градоначалникот Тони Трајковски го покани амбасадорот заедно да ги посетат културно историските места во општината, а во иднина заеднички ќе настојуваат соработката на Република Словенија со Република Македонија, да се поинтензивира.



# Гази Баба на глобална конференција за урбан развој

Во организација на Светската банка и финансиски подржано од Австриската програма за урбано партнерство, во Грац се одржа UPP 2, кој започна со „Симпозиум на Градоначалниците од ЈИЕ“ со околу 150 учесници, меѓу кои и 30 –тина градоначалници од регионот на ЈИЕ – Македонија, Србија, Албанија, Косово, БиХ и Хрватска. Овој настан се одржа во Конгресниот Центар на Грац, со исклучителни технички и работни услови за настани од овој тип.

На настанот, кој се одржа на 29 Февруари и 01 Март, се дискутираше за надградба на четирите компоненти – MFSA; URBAN AUDIT; SOCIAL ACCOUNTABILITY и INTEGRITY BULDING, каде имаше голем број на презентации и тематски панел дискусии на претставниците и градоначалници на градовите и општините од регионот на ЈИЕ.



Од општина Гази Баба учествуваа, Сашо Трајков, раководител на Сектор за ЛЕР & ИКР, и Владимир Божиновски, советник за финансиски прашања.

Специјални гости на овој Симпозиум на градоначалници беа градоначалниците на Оклахома Сити, домаќинот од Грац и на Виљнус од Литванија. Тие дадоа своја визија за развојот на своите градови, како и развивањето на концептот на smart city и knowledge economy преку развојот на таленти, привлекувањето на инвестиции и подршката на постојните бизниси. Голем акцент ставија на квалитетот на живот како предуслов за остварување на погоренаведените стратешки насоки.

Во периодот 02-03 Март, а со финансиска подршка на Светска Банка, претставниците од општина Гази Баба имаа несекојдневна можност да учествуваат на настанот URBAN FUTURE во конвенцискиот центар на Грац – MESSE GRAZ, на кој учествуваа повеќе од 1600 претставници на градови, проектантски фирми, универзитетски професори, официјални лица на ЕУ и Евроспката комисија, како и претставници на компании од сите континенти.

На сите овие четири тематски сегменти беа одржани точно 33 панел дискусии на кои се дебатираше за сите предизвици, искуства, визии и преземени минати и планирани идни мерки од учесниците панелисти од четири континенти.

Ова беше несекојдневно искуство кое ни овозможи на директен и интерактивен начин да добиеме информации, знаења и да размениме искуства за сите предизвици од интерес на општина Гази Баба и градот Скопје.

Исто така, на овие два настани го потврдивме и зацврстивме нашиот имиџ на општина која не се плаши од предизвици, на општина која отвара нови поглавја од својот развоен пат, а во соработка со стратешкиот партнер Светска Банка.

## *Јавна седница на комисијата за еднаквост на мажите и жените во Гази Баба*



Во општина Гази Баба беше одржана Јавна седница по повод Денот на жената, 8ми Март, на тема„Зајакнување на капацитетите на општинските службеници и локални преставници за родово одговорно буџетирање“, каде се разговарше за можностите кои ги имаат општините и мерки кои треба да ги превземат за родова еднаквост и креирање на родово сензитивни буџети.

Исто така, Зелс има развиено и Електронска платформа за родова еднаквост на локално ниво-уникатна алатка во регионот, која е развиена со помош на внатрешните ресурси од стручната служба на ЗЕЛС.

Седницата ја отвори претседателката на Комисијата за едноквост на мажите и жените, Мица Младеновска, а присуствуваа раководителите на сектори и одделенија од општината, директори на основни училишта и градинки од Гази Баба и претставникот од ЗЕЛС, Ирена Николов, која имаше кратка презентација за родовата еднаквост.

# Форум за млади на тема малцинства, нови медиуми и разноликост

Во просториите на хотел Континентал, беше отворен младинскиот форум „Претставување на малцинствата во новите медиуми во Централна и Источна Европа" кој е четвртиот и финален форум во рамки на проектот „Младите ја предизвикуваат разноликоста – Претставување на малцинствата во новите медиуми".

На отворањето на форумот воведен збор зема Емилија Ѓурчиновска-Матевска, која ги поздрави учесниците на форумот од име на општината Гази Баба која е партнер на проектот во рамки на програмата Европа за граѓаните – акција: Мрежа на градови. Воедно таа истакна дека мултикултуралноста е важен и неодвоив дел од општината Гази Баба и изрази задоволство што општината е дел од овој проект кој им овомозможува на младите луѓе платоформа за размена на мислење, ставови и идеи и ја промовираат разноликоста и соживотот помеѓу различните етнички или социјални групи.



По отворањето на форумот, следеше соопштување на резултатите од мониторингот на медиуми кои што беше спроведен во рамки на проектот, а потоа следеа конструктивни панел дискусии и дебати.

## Одржана трибина на тема „Превенција од злоупотреба на дрога"



Во Основното училиште „Стив Наумов" се одржа трибина на тема „Превенција од злоупотреба на дрога" од страна на преставници од Одделението за превенција од Секторот за внатрешни работи-Скопје. Присутни беа членови на совет на родители и стручен кадар, полициски службеници од ПС-Гази Баба кои со интерес ја следеа презентацијата и се информираа за знаците кои покажуваат дека некој млад човек почнал да користи дрога.

Темата предизвика интерес кај присутните, при што се разви дискусија во која се побара поголемо присуство на полицијата во парковите, пред зградите и во близина на училишниот двор.

Овие средби се одржуваат и во другите училишта од населените места во општината.





# Потпишување на договор за соработка со ПАТ



Градоначалникот Тони Трајковски и претставникот од Обучувачи на јавна администрација (ПАТ) Љупка Симоноска потпишаа договор за соработка.

Целта на овој договор за соработка меѓу Општина Гази Баба и ПАТ е имплементирање на процесот на партиципаторно стратешко и акционо планирање во општината, насочен кон справување со корупцијата, нејзино спречување и разработка на понатамошни чекори во насока на подобрување на интегритетот, отчетноста и транспарентноста на организацијата, како и ефективноста во испорачувањето на јавните услуги и управувањето со јавна сопственост.

Активностите се спроведуваат во рамките на Програмата за урбано партнерство на Светска Банка-Австрија за земјите од Југоисточна Европа, со компонентата „Борба против корупција/Градење на идентитет".



## Потпишан договор за повластено користење на јавен градски превоз на лица со посебни потреби

Општина Гази Баба согласно Програмата за здравство, социјална заштита и заштита на децата за 2016 година на подрачјето на општината, предвиде средства за реализирање на проектот „Повластено користење на јавен градски превоз на лица со посебни потреби".

За таа цел општина Гази Баба, Градот Скопје и Јавното Сообраќајно Претпријатие потпишаа договор каде што општина Гази Баба учествува со средства од 300.000,00 денари.

Ова ќе биде наменето за обезбедување на бесплатни електронски картички за лица со посебни потреби, кои ќе ги користат во јавниот градски превоз.



# Потпишан Меморандум за соработка

Градоначалникот Тони Трајковски и Зоран Костов, извршен директор на Здружението за хумано домување Хабитат Македонија, потпишаа Меморандум за соработка.

Целта на соработката е воспоставување на евиденција на колективните станбени згради и управители, подобрување на енергетската ефикасности управувањето со станбените згради на територија на општина Гази Баба.

Покрај воспоставувањето на Регистар на станбени згради и Регистарот на управители на станбените згради, ќе се обезбедат совети за подобрувањето на квалитетот на домувањето во колективните станбени згради, значењето на енергетската ефикасност и управувањето со колективните станбени згради.



За време на реализирањето на овој Проект, ќе се организира обука на тимовите кои на терен ќе ги спроведуваат активностите, каде ќе се направи системска евиенција на станбените згради и управителите, како и собирање на податоци за градежните и енергетските карактеристики на станбените згради, кои ќе се внесуваат електронски и со тоа ќе се направи електронска база на податоци, кои ќе бидат од големо значење за граѓаните и општината.

## Бизнис Ангели

Градоначалникот Тони Трајковски го прими во работна посета претседателот на ТБАА Бајбарс Алтунташ од Турција и господинот Илија Вучков, Претседател на Европско-Македонскиот центар за иновации и знаење (ЕМКI-СЕ).

На средбата се поставија условите за понатамошна соработка која ќе овозможи на општината зајакнување на стартап заедницата во Македонија спојувајќи ги претприемачите и ангел инвеститорите од Македонија и странство при што го стимулира порастот и растот на малите и средни претпријатија како и подршката за отварање на нови работни места.

Градоначалникот и господинот Алтунташ потпишаа меморандум за соработка, кој треба да создаде партнерство помеѓу општина Гази Баба и ТБАА (Турска асоцијација на Бизнис Ангели) и да ја продолжи соработката помеѓу бизнис ангели од Турција и ЕУ, а се однесува на размена на информации, можни инвестиции, обука и промовирање на бизнис ангел-инвестирање во своите земји.



Господинот Бајбарс Алтунташ, има добиено признание од Европската Трговска Асоцијација на Бизнис Ангели и беше прогласен за најдобар поединец за ангажирање на глобално ниво во Европа во рамките на доделувањата на Светскиот Претприемачки Еко-систем за 2014 и 2015 година. Тој бил и единствениот претприемачки Гуру кој добил посебно внимание од страна на Американскиот претседател Барак Обама во Белата куќа, пред да се одржи Претседателскиот самит за претприемништво во 2010 година.







# Се одржа третиот состанок на Бизнис Клубот на Општина Гази Баба

Бизнис Клубот на општина Гази Баба во кој членуваат деловни субјекти со седиште во општината или деловни субјекти кои имаат деловни или производствени капацитети на територијата на општината, го одржаа третиот официјален состанок.

На состанокот се дискутираше и се даваа предлози околу одредени измени и дополнувања за работењето на Бизнис клубот како и за навремено разменување на информации кои се од големо значење за компаниите.

Присутни гости на овој состанок беа членови на Верификационата комисија БФЦ СЕЕ од градот Велес, Република Србија и Босна и Херцеговина, кои ги поздравија членовите на Бизнис клубот, кратко се обратија и изразија големо задоволство за функционирањето на Бизнис клубот и соработката која ја има со општината која е една од ретките од регионот која ќе добие овој сертификат.

Програмата за сертификација за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE) е единствена регионална програма за унапредување на конкурентноста на локалните самоуправи која се спроведува во Македонија и останатите земји на Балканот.

На состанокот беше разгледана и предлог програмата на Бизнис клубот за 2016/2017 година.



# Одбележување на годишнината од смртта на Борис Трајковски



Во Алејата на великаните на Градските гробишта во Бутел беше положено цвеќе на гробот на Борис Трајковски, по повод одбележувањето на 12 годишнината од неговото загинување, кој трагично го загуби животот во авионска несреќа, заедно со членови од неговиот кабинет.

Свежо цвеќе положија членови на семејството на Борис Трајковски, делегации од Собранието и Владата на Република Македонија, претставници од дипломатскиот кор и делегација од општина Гази Баба.

## *Одбележување на 144 години од раѓањето на Гоце Делчев*



По повод одбележување на 144 години од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев, делегација на општина Гази Баба положи цвеќе на неговиот гроб во црквата Св.Спас во Скопје, каде беше одржана Панихида од Македонската православна црква.

## *Одбележана 16 годишнината од загинувањето на полицајците Кирил Петрушевски и Ерол Готак*

По повод одбележувањето на 16 годишнината од загинувањето на полицајците Кирил Петрушевски и Ерол Готак кои во 2000-та година загинаа во село Арачиново, делегација од општината Гази Баба, која ја сочинуваа градоначалникот Тони Трајковски и Претседателот на Совет на општина Гази Баба Милан Андоновски заедно со родителите на загинатите полицајци, роднини, пријатели, командирот и претставници од 5-та полициска станица, пред споменикот на бранителите кој се наоѓа во кругот на полициската станица Гази Баба во Автокоманда положија свежо цвеќе и им оддадоа почит на загинатите бранители.









# Акција за дарување на крв

Општина Гази Баба во соработка со Црвениот крст Гази Баба и Институтот за трансфузиона медицина од Скопје во месец февруари организираа традиционална крводарителна акција, на која беа собрани околу 35 единици на крв.

Градоначалникот Тони Трајковски ги посети и разговараше со крводарителите и медицинските екипи, при што ја истакна важноста од организирање на вакви акции, бидејќи секоја капка крв е драгоцена и од голема важност за да се спаси нечиј живот.

Оваа акција, исто така, ќе му помогне на Црвениот крст да ја прошири мрежата на дарители за во секое време да има доволно резерви на крв за идните побарувања.

Во општина Гази Баба има многу крводарители, меѓу кои е и Илија Богоев – крводарител, вработен во општина Гази Баба како просветен инспектор.

Да се биде хуман, да се помага го чини еден човек голем и богат во срцето и душата. Токму тоа го опишува Илија Богоев.

На 18 години, во 1976 година, како матурант за прв пат учествувал во крводарителска акција и ја започнал својата хумана мисија. Од тогаш поминале повеќе од 40 години и тој сеуште спасува животи.

Во периодот од 1998 – 2001 година, како директор на средното училиште „Панче Арсовски", 3 пати годишно организирал акција за дарување на крв и бил пример и голем мотиватор за учениците и колегите.

Во 2001 година има добиено плакета за хуманост од Црвениот Крст на Република Македонија. Тој ја дарувал својата крвна група нулта позитив повеќе од 50 пати.

Во семејството на Богоев сите членови се крводарители и поддржувачи на хуманата и солидарна мисија, Да се помогне - да се спаси човечки живот.





# Решенија за финансиска поддршка на пет занаетчии



Градоначалникот, Тони Трајковски ги прими сопствениците на занаетчиските фирми од подрачјето на Гази Баба, добитници на финансиска подршка за развој на занаетчиството кои беа избрани од тричлена Комисија, претседателот на Занаетчиската комора на град Скопје, Никола Петров, од Секторот за локален и економски развој, Сашо Трајков и член на Советот на Гази Баба, Невенка Стаменковска.

На средбата градоначалникот свечено им ги додели Решенијата за користење на финансиска поддршка.

На Јавниот Повик, од вкупно 19 пријавени занаетчии, регистрирани во Занаетчиската Комора на град Скопје, комисијата донесе одлука финасиските средства да бидат доделени на следниве занаетчии:

**ТВ сервис „Дигитал“– Јасмина Герговска**

**Чевларската работилница „Сигурност“ – Венцо Постолов**

**Производство на свеќи „Ана“ – Снежана Дојчиновска**

**Лимарофарбарски дуќан „Давид“ – Јовица Митревски**

**Изработка на бижутерија „КД Јувелир“ – Катарина Дода**

## ТВ Сервис "Дигитал"

Овој занает е веќе 60тина години традиција во фамилија Гергоски. Го започнал дедото на Јасмина Гергоска, во времето на ламповата технологија, па се до денес, времето на микропроцесори.

Во 2014 година нашле соодветен работен простор, прилика која не се пропушта, затоа што во населба Железара ги нема многу.

Сервисираат LCD, LED телевизори, компјутери, дигитални фотоапарати и други електронски уреди. Се трудат секогаш да бидат во тренд на технолошките новитети, за да бидат конкурентни на пазарот.

Со повремени вложувања во модернизација и развој на Сервисот, секако и со финансиската поддршка од страна на општината, сигурни се дека традицијата ќе продолжи.



## Чевлар „Сигурност“



Занаетот чевлар, Венцо Постолов, го започнал во 1989 година, кога го отворил и дуќанот „Сигурност“. Дејноста започнал да ја врши само со рачен алат, првата машина за шиење на чевли ја набавил во 1992 година, а неколку години подоцна набавил и машина комбинирка, која е за повеќе намени, но и други машини кои биле неопходни за процесот на поправки на чевли.

Самостојно ја врши занаетчиската дејноста веќе 27 години.

Во зависност од видот на поправките некои ги врши рачно, а некои поправки ги работи на машина. Начинот на поправка на чевли е непроменет изминативе години.

Со финансиската поддршка за развој на овој занает која општината ја овозможи, а е неопходен во секојдневниот живот на граѓаните, ќе се овозможи за континуирано одржување на машините и алатите кои се користат за репарација на чевли.





## Катерина Дода - филигран

Филигранскиот занает во семејството Дода е присутен веќе неколку генерации наназад. Родителите на Катерина Дода се занимавале со изработка на машини за златарска индустрија, поточно печки за топење злато и сребро. Знаењето кое го имале послужило како насока која Катерина ја искористила да ја продолжи традицијата за изработка на накит.

Желбата за изработка на накит и била многу голема и затоа одлучила посериозно да се занимава со изработка на филигран. На почетокот на 2010 започнала со обуки за изучување на изработка на Филигрански накит и производи од филигран кои ги организира Занаетчиската комора на град Скопје, во времетраење од 6 месеци, со цел да добие диплома и да може да започне со сопствен бизнис. Формирала сопствена работилница во дел од домот, каде набавувала машини и сребро како репроматеријал, долго била невработена па за време на обуката остварила и продажба како би можела финански да си помогне.

Учествувала на Фестивалот за стари занаети „Muscat Festival“ во 2011 година, кој се одржувал во Мускат, Оман каде ја добила и наградата за најдобро дизајниран и изработен накит. На нејзина чест и задоволство, од 25 земји учесници, само 5 земји биле наградени меѓу кои и нашата. Со парите како награда кои ги добила набавила машини за изработка на филигран.

Катерина е една од петте занаетчии на кои општина Гази Баба оваа година им овозможи финансиска поддршка за развој. Таа со овие средства ќе ја доопреми својата работилница со што ќе овозможи поквалитетна изработка на филигранот, а ќе развие и нова линија на производи и на тој начин ќе биде поконкурентна на пазарот.

## Свеќарски дуќан „Ана“

Занаетот изработка на свеќи е традиционален во семејството Дојчиновски кој датира од 1991 година. Станува збор за ретка дејност на нашето поднебје, производството на свеќи за повеќе намени, зависно од обликот и намената како и начинот на нивната изработка, некои се изработуваат рачно некои машински. Производството на свеќи е навистина интересен и креативен занает, нуди широк спектар на разни форми, димензии и намени на свеќите, начинот на изработката на свеќи е идентичен повеќе од 25 години.



Изработката на свеќи е уметничка занаетчиска дејност каде што креативноста на занаетчијата е многу важна, за квалитетен занаетчиски производ.

Финансиската поддршка од општината ќе биде употребена за набавка на репроматеријали, како восок, парафинско масло, бои, фитил, калапи и алат за изработка и дооформување на свеќи.

## Автолимарија „Давид“



Јовица Митревски е сопственик на лимаро-фарбарски дуќан „Давид“ кој е лоциран во Општина Гази Баба во н. Ченто, на површина од 200 м². Сервисот постои од 2004 година и нуди широка палета на услуги за сите видови моторни возила меѓу кои и авто лимарски поправки на помали и поголеми оштетувања, завршни работи, мали корекции на возилото со полирање.

Прецизноста и искуството на стручните кадри гарантира сигурна управливост, како и на опремата која ја поседуваат. Имаат голем број на клиенти, како физички лица така и приватни компании.

Со поддршката од општина Гази Баба, која ќе ја добие овој сервис ќе продолжи со континурана успешна работа во областа на автолимарството уште поконкурентни на пазарот, со подобрена опрема и алати.

# Најдобар наставник за 2015 година



Алијансата за отворени образовни ресурси во Македонија објави повик за избор на Нај ООР наставник за основно образование и Нај ООР професор за средно образование за 2015 година. На изборот кој траеше до 31 јануари 2016 година, требаше да се номинира наставник од страна на колега или ученик, во кој учествуваа 9 наставници. Својот глас го дадоа 589 гласачи, а една од двете избрани Нај ООР наставници е наставничката Тања Метикош од основното училиште „Дане Крапчев“.

Номинирањето на наставници и професори се одвиваше онлајн, преку пополнување на формулар, а и гласањето беше на истиот начин.

Наставникот и професорот кои добија најмногу гласови се прогласени за Нај ООР наставник и Нај ООР професор.

Тања Метикош е креатор на блогот ИЗВОРЧЕ каде што несебично споделува дел од својата работа и креативност. На тој начин соработува со наставниците од целата држава.

Наградата за победниците на изборот е учество на втората Еду-конференција за наставници и информатичари 2016, која ќе се одржи во периодот 1 – 3 април 2016 година во Хотел Дрим, Струга.

# *ООУ „Крум Тошев“ помеѓу најдобрите еколошки училишта во Скопје*







Во спортскиот центар „Борис Трајковски“ беа доделени наградите за проектот „Рециклирање?! - КАЖИ ДА!“ кој веќе трета година по ред ги опфаќа основните училишта во Скопје.

Голем број на ученици од 60 основни училишта во општините Гази Баба, Карпош, Центар, Аеродром, Ѓорче Петров и Кисела Вода цела учебна година организирано собираа пластични шишиња, добиваа донација од течен сапун од Пакомак, и учеа за важноста од селектирање и рециклирање на амбалажниот отпад, времето на распаѓање на материјалите во природата, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија со цел да го увидат бенефитот од правилното однесување со амбалажниот отпад и заштитата на животната средина.

Иницијаторите на овој проект, Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување Пакомак и Шпаркасе Банка Македонија веќе трета година по ред ги доделуваат наградите за најдобрите училишта вклучени во проектот.

Оваа година добитници на шестте главни награди се најдобрите училишта на ниво на општина, каде ООУ „Крум Тошев“ е помеѓу најдобрите во градот Скопје. На второ и трето-пласираните училишта на ниво на општина се доделија уште вкупно 12 награди.

Во учебната 2014/2015, учениците од основните училишта вклучени во проектот собраа 1.500.000 пластични шишиња, односно 37.400 килограми пластична амбалажа, што укажува на тоа дека тие ги разбираат предизвиците на денешното живеење и учат како да предизвикуваат најмало можно влијание врз животната средина и живиот свет.



# ОУ „Наум Охридски“ меѓу најдобрите училишта во Македонија за 2015

Државниот просветен инспекторат веќе седум години го оценува квалитетот на училиштата во Македонија. Оценката на секое училиште се дава преку проверка на наставните планови и програми, разните постигнувања на учениците, учењето и наставата, ресурсите и управувањето, како и раководењето со училиштето.

Во текот на учебната 2014/2015 година од страна на ДПИ се извршени 161 оценување,а со највисока оцена се оценети следните училишта: ОУ „Љубен Лапе“ - Аеродром, ОУ „Гоце Делчев“ - Прилеп, ОУ „Браќа Миладиновци“ - н.м Миладиновци, ОУ „Наум Охридски“ - н.м Булачани, ОУ „Кирил и Методиј“ - Велес, ОУ „Методи Патче“ - Охрид, ОУ „Ристо Јурков“ - Кочани и училиштето „Партенија Зографски“ - Скопје.

Со својот начин на применување на наставата, квалитетниот и ентузијастички наставен кадар и големиот труд на учениците, училиштето „Наум Охридски“ по втор пат се вбројува меѓу најдобрите училишта во државата. Ова претставува голем успех со кој општина Гази Баба се гордее.

# *Ученици од основните училишта во посета на општината*

Во посета на општина Гази Баба беа ученици од 4-то одделение од основните училишта „Вера Јоциќ“, „Кирил и Методиј“ од Стајковци и Страчинци и „Крум Тошев“, по повод изучување на методската единица „Општина“, по предметот Општество.

Учениците ги посетија вработените во секторите на општината, каде се запознаа со нивните работни обврски, а воедно имаа средба и со градоначалникот Тони Трајковски кој им ги објасни своите задолженија и обврски во општината, а им одговори и на поставените прашања во рамките на нивните детски интересирања.















# АКТИВНОСТИ ВО ГРАДИНКИТЕ „ДЕТСКА РАДОСТ“ И „25 МАЈ“
















# Советот донесе Одлука за преземање на обврските за плаќање на воден надомест за 2016

Советот на општина Гази Баба донесе Одлука за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување на индивидуалните физички лица – корисници, за 2016 година.

Општина Гази Баба продолжува со практиката од 2010 година да помага на индивидуалните физички лица – водокорисници, со преземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица – водокорисници (сопственици / корисници на индивидуални станбени објекти и земјоделско земјиште) на подрачјето на општината.

На подрачјето на Општина Гази Баба под системот за одводнување "Скопско Поле" се опфатени вкупно 2175 ха, од кои 1371 ха поседуваат индивидуалните физички лица – водокорисници. Надоместот по хектар изнесува 2400 денари, што значи вкупниот надомест, кој општината треба да го исплати на Водостопанство Скопско Поле – Скопје, изнесува 3.882.672,00 денари со вклучен ДДВ.

Преземената обврска за плаќање се однесува за 2016 година.

Надоместокот ќе биде искористен за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општина Гази Баба, од страна на Водостопанство Скопско Поле – Скопје, со цел спречување на евентуални поплави на замјоделското земјиште и други површини на подрачјето на општината.







# СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Милан Андоновски** | ВМРО-ДПМНЕ | 070/237-254 | milan.andonovski@gazibaba.gov.mk |
| **Маја Стојчевска** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-803 | maja.stojcevska@gazibaba.gov.mk |
| **Зоран Костовски** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/205-339 | zoran.kostovski@gazibaba.gov.mk |
| **Невенка Стаменковска** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-814 | nevenka.stamenkovska@gazibaba.gov.mk |
| **Ивица Петровски** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/255-035 | ivica.petrovski@gazibaba.gov.mk |
| **Благе Данев** | СПМ | 072/254-805 | blage.danev@gazibaba.gov.mk |
| **Благојче Трпковски** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-804 | blagojce.trpkovski@gazibaba.gov.mk |
| **Јорданчо Тодосиев** | ДС | 072/205-192 | jordanco.todosiev@gazibaba.gov.mk |
| **Елизабета Стојменова** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-806 | elizabeta.stojmenova@gazibaba.gov.mk |
| **Марјан Крстевски** | ВМРО-ДПМНЕ | 075/221-216 | marjan.krstevski@gazibaba.gov.mk |
| **Игор Атанасовски** | ВМРО-ДПМНЕ | 070/261-956 | igor.atanasovski@gazibaba.gov.mk |
| **Анета Мишевска - Тодорова** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-997 | aneta.todorova@gazibaba.gov.mk |
| **Стојан Блажевски** | ТМРО-ВЕП | 072/255-039 | stojan.blazevski@gazibaba.gov.mk |
| **Николај Чифутов** | ВМРО-ДПМНЕ | 070-223-524 | nikolaj.cifutov@gazibaba.gov.mk |
| **Ѓулсефа Куртеши** | СРМ | 072/205-849 | gulsefa.kurtesi@gazibaba.gov.mk |
| **Боби Камчески** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/206-689 | bobi.kamceski@gazibaba.gov.mk |
| **Милка Видовска** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/255-037 | milka.vidovska@gazibaba.gov.mk |
| **Светлана Трпкоска** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/255-042 | svetlana.trpkoska@gazibaba.gov.mk |
| **Ирфан Аземов** | ДУИ | 072/254-835 | irfan.azemov@gazibaba.gov.mk |
| **Фејзула Зендели** | ДПА | 072/254-836 | fejzula.zendeli@gazibaba.gov.mk |
| **Дарио Николовски** | СДСМ | 072/254-830 | dario.nikolovski@gazibaba.gov.mk |
| **Ѓоре Стојковски** | НСДП | 072/254825 | gjorestojkovski@gazibaba.gov.mk |
| **Веселка Стојановиќ** | СДСМ | 072/254-815 | veselka.stojanovic@gazibaba.gov.mk |
| **Сашо Начовски** | ВМРО-НП | 072/205-629 | saso.nacovski@gazibaba.gov.mk |
| **Мица Младеновска** | СДСМ | 072/254-811 | mica.mladenovska@gazibaba.gov.mk |
| **Зоран Стојанов** | ЛДП | 072/254-810 | zoran.stojanov@gazibaba.gov.mk |
| **Цветанка Стојановска** | СДСМ | 072/254-807 | cvetanka.stojanovska@gazibaba.gov.mk |

# Активности во дневниот центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови



















# Успешна реализација на проектот „Посета на стари лица во домашни услови“









Во рамките на проектот „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови“ - Маџари освен што се работи на социјална инклузија на старите лица за нивно активно стареење и континуирано вклучување во еден софистициран процес на социјализација се реализира и посета на старите изнемоштени лица во домашни услови. Посетата се врши од страна на тим кој го сочинуваат (стручна служба од ООЦК Гази Баба, доктор и социјален работник).

При посетата се вршат општи здравствени прегледи, мерење на притисок и шеќер во крвта од страна на докторот, анамнеза за социјалниот статус, потребите кои ги има старото лице, поправка на апарати за домаќинство кои не се функционални, па-зарење, набавка на лекови и сл.

Во пресрет на новогодишните и божиќните празници за 2016 година општината и ООЦК - Гази Баба обезбедија и доставија до старите лица пакети со храна со што им се помогна да ја надминат состојбата во која се наоѓаат.

Право на посета во домашни услови имаат стари неподвижни лица кои не се во можност да ги извршуваат секојдневните обврски и се лица од висок социјален ризик.

Проектот ќе продолжи да се реализира во текот на цела 2016 година, бидејќи се покажа како мошне корисен и успешен. Сите заинтересирани можат да се информираат во Дневниот центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови како и во просториите на општината.

# По 8-ми пат се одржа манифестацијата Пивтијада

На плоштадот во Автокоманда општина Гази Баба традиционално по 8 - ми пат по повод верскиот празник Водици, ја организираше манифестацијата Пивтијада, заедно со жените од урбаните и месните заедници, организацијата на жени на Гази Баба, Здружението на пензионери и неколку ресторани од подрачјето на општината, кои ги подготвуваа пивтиите.

Оваа манифестација има хуманитарен карактер, односно средствата собрани од продажбата на пивтиите ги наменуваме за потребите на Клиниката за детски болести во Скопје.

Исто така, манифестацијата имаше и натпреварувачки карактер, каде се наградуваа најубаво декорирани пивтии во две категории: аматери и професионалци:

Во категоријата аматери, награди добија:

Стојна Трајановска
Надежда Кирковска
Катерина Петреска

Во категоријата професионалци, наградата ја доби ресторанот „Дојрана“.

Манифестацијата ја отвори градоначалникот Тони Трајковски, а за доброто расположение на присутните се погрижија: Лајв Бенд, Тања и Владимир, Антониа Гиговска, Кристијан Тасевски и Валентина Димитриевска. Помагатели на настанот беа Алкалоид и Кенди.









# Одбележување на почетокот на пролетта во Гази Баба




Месец март го симболизира доаѓањето на пролетта и по овој повод традиционално се плетат мартинки исклучиво од црвен и бел конец, тие се носат на рака, на облека уште од првиот ден во март, за здравје и среќа,плодност и долг живот, а потоа се закачуваат на првото расцветано дрво или додека не ја видите првата ластовичка или првиот штрк.

Мартинките се прават со испреплетување на бел и црвен конец. Црвената боја ја симболизира крвта и љубовта, а белата асоцира на чистота и искреност.

За да се зачува традицијата на нашите предци, петта година по ред, општина Гази Баба и основните училишта ја организираа манифестација „Мартинки“ каде учениците, во своите креативни работилници изработуваат мартинки, преку кои ги изразуваат своите креативни идеи и способности.

Оваа година, во просториите на општината како предвесници на пролетта дојдоа децата од градинката Детска радост, кои ни испеаа неколку песнички и ни подарија рачно изработени мартинки.




## *Одбележан националниот ден на Република Унгарија*

По повод одбележувањето на 15-ти март, Националниот Ден на Р. Унгарија, делегации на општина Гази Баба и на Р. Унгарија, положија свежо цвеќе пред спомен плочата на унгарскиот државник и револуционер Лајош Кошут во н. Триангла, каде една од улиците го носи неговото име.

На настанот кој по овој повод се одржа во н. Триангла, присуствуваа и Амбасадорот на Република Унгарија во Република Македонија, Др. Јожеф Бенце и претседателот на унгарско – македонското Здружение „Теледом“, Јожеф Шутуш.




## *Спомен плоча во чест на унгарскиот композитор Франц Лист*



Општина Гази Баба ја продолжува соработката со унгарската Амбасада. По повод 204-тата годишнина од раѓањето на унгарскиот композитор Франц Лист, во паркот во н.Триангла, беше поставена спомен плоча во негова чест, бидејќи во оваа населба една улица е именувана во чест на овој голем уметник.

Пред присутните гости своe обраќање имаа градоначалникот Тони Трајковски, амбасадорот на Република Унгарија во Република Македонија д-р Јожеф Бенце и претседателот на здружението на унгарците во Република Македонија, Јожеф Шутуш, а гостин на настанот беше познатиот унгарскиот космонаут.

На настанот се зборуваше за животот и делата на композиторот Франц Лист , а во музичкиот дел настап имаше ученик од ОУ „Крсте Мисирков“, кој отсвири една композиција на кларинет.

За време на настанот, присутните можеа да проследат мала изложба, а и да пробаат од унгарските пијалоци и храна.

# Училишни спортски лиги










# Спортски активности на основните училишта








# Трократниот светски шампион во карате на прием кај градоначалникот

Општина Гази Баба е домаќин на еднодневниот семинар по карате, кој се одржа на 05.03.2016 година во спортската сала „М.А. Ченто“ во Маџари. Семинарот, по покана од Карате клубот Куштрими од Сингелиќ, го држа поранешниот европски и светски карате шампион, Халдун Алагаш од Република Турција.

Градоначалникот Тони Трајковски го прими во својот кабинет овој исклучителен спортист и спортски работник, кој со карате се занимава од 1982 година, а во 1998 година станува најмлад светски шампион во сениорска конкуренција.

На средбата се разговараше за значението на спортот како дел од развојот на младите луѓе, за она што општината го прави во областа на спортот, нејзината поддршка на спортистите, заложбата за изградба на спортски капацитети, а секако и за она што Халдун Алагаш како карате мајстор може да им понуди на каратистите ширум светот и на најмладите за да го засакаат овој спорт. Во чест на Халдун, како еден од најуспешните спортисти во Република Турција, еден грандиозен спортски центар во Истанбул го носи неговото име.



# *Бронза за КК „Металург“ на Европското првенство во карате*

На Европското карате првенство за кадети, јуниори и јуниори до 21 година кое се одржа од 5-7 февруари во Кипар, македонските репрезентативци од Карате Клубот „Металург“ освоија бронзени медали. На ова првенство учествуваа 9 репрезентативци од нашата земја, а 6 од нив освоија медали и остварија значаен успех на меѓународно ниво.





Петар Спасеновски, во категоријата јуниори +76кг и Азиз Исмаил, во категоријата јуниори до 75 кг за нивниот покажан успех и одлична борба беа наградени со бронзен медал.

Градоначалникот Тони Трајковски имаше средба со младите каратисти на која се разговараше за постигнатите успеси, искуството од европското првенство како и за нивните идни планови.





# „Ден повеќе за одбојка“ во спортската сала „Методија Андонов-Ченто“



Во спортската сала „Методија Андонов-Ченто“ во населбата Маџари се одржаа натпревари во одбојка по повод реализирањето на проектот на Светската федерација за одбојка „Ден повеќе за одбојка“.

Овој спортски настан беше во организација на одбојкарскиот клуб „Јанта Волеј“ и Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба, а со поддршка од општина Гази Баба.

Во натпреварите учествуваат сите училишта од општината, а главната цел беше поголемо промовирање на спортот и другарувањето меѓу учениците.

# *Најмладиот учесник на светско првенство во шах од Гази Баба*





Градоначалникот Тони Трајковски го прими во својот кабинет Ѓорѓи Цветковски, кој учествуваше на Светското првенство во шах во Порто Карас, Грција, кој од 134 натпреварувачи со 4,5 поени од 11 партии, се пласираше на делба од 94 до 106–тото место.

Ако додадеме дека Ѓорѓи Цветковски има само 8 години и од повеќето натпреварувачи бил помлад за една година, пласманот на Светското првенство добива на тежина, односно претставува голем успех.

Ѓорѓи е ученик во второ одделение во ОУ „Стив Наумов“ во Автокоманда, а првпат имал допир со шахот на 5 ипол години кога и започнал да тренира. Член е на шаховскиот клуб Алкалоид, а негови лични тренери се ВМ Влатко Богдановски и ИМ Дејан Стојановски.

Оваа година во категорија до 8 години ќе учествува на Европското првенство во Прага, Република Чешка во месец август и на Светското првенство во Батуми, Грузија во месец октомври.

Но, пред тоа во месец јуни во Струга на државното првенство, Ѓорѓи ќе мора да ја освои по вторпат титулата првак на Македонија во категорија до 8 години.

Градоначалникот разговараше со Ѓорѓи за неговите почетоци, како го засакал шахот, на кој начин се здобива со знаење од областа на шахот и што друго го интересира покрај шахот.

На крај, градоначалникот му посака успех во понатамошните натпревари оваа година и во годините кои се пред него.



Од дворот на општината

## Телефони на јавни претпријатија

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЈП Водовод и канализација | 0800 22555 бесплатен тел. | ЈП Улици и патишта | 3162 317/ 2783 330 |
| ЈП Комунална хигиена | 3220 827 | ЈСП Скопје | 3174 264 |
| ЈП Паркови и зеленило | 3070 112 | ЈП Паркинг | 3091 072 |

## Контакти со Општина Гази Баба

Адреса:
Архимедова 2, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02 / 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02 / 3 21 22 76 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за правни и Општи работи | 02 / 3 22 59 32 |
| Сектор за јавни дејности | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за Финансиски прашања | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за урбанизам, комунални работи и сообраќај | 02 / 3 23 95 34 |
| Сектор за заштита на животната средина и природата | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за локален економски развој | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за инспекциски работи инспекторат | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за внатрешна ревизија | 02 / 3 22 56 55 |
| Факс | 02 / 3 22 42 52 и 02 / 3 21 51 12 |
| е-маил | redakcija@gazibaba.gov.mk<br>mediumi@gazibaba.gov.mk |
| Интернет адреса | www.gazibaba.gov.mk |
| Број за СМС комуникација на општина Гази Баба | 070/254-772 |
| Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба | 0800-4-22-22 |

Општина Гази Баба

Редакција:
Емилија Кипровска
Ана Урбан
Маја Крстевска
Мартин Тодоровски
redakcija@gazibaba.gov.mk

Печати:
Графички центар, Скопје

Тел:
+389 (0) 2/3212886